ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Дата: 13.01.2012

# СООПШТЕНИЕ

## Една година Трезор на ФЗОМ

Почитувани,

Почнувајќи од 01.01.2011 година Фондот за здравствено осигурување на Македонија го воведе Трезорот, односно стана посебен носител на платниот промет (банка) за сите јавни здравствени установи (ЈЗУ). ФЗОМ е исклучително задоволен што оваа реформа се направи без ниедно ново вработување во ФЗОМ! Во текот на првата година од работењето Трезорот континуирано функционираше без ниту еден ден/час блокада.

Огромни се придобивките од Трезорот за целиот јавен здравствен систем: Реализирани вкупно 280.158 платни трансакции на ЈЗУ со што Трезорот направи заштеда за ЈЗУ на име банкарски провизии во вредност приближна од 220.000 евра. Истите тие пари се употребени од ЈЗУ за повеќе здравствени услуги. Трезорот преку континуирано унапредување на трезорското работење и постојани обуки овозможи унапредување на финансиското планирање и управувањето со ликвидноста на ЈЗУ што овозможи вработените во ЈЗУ редовно да добиваат плата, и тоа од 10ти до 15ти во месецот согласно законскиот рок, како и навремено планирање и измирување на достатсаните обврски што доведе и до намалување на вкупните долгови на ЈЗУ.

Како најбитна новина и следен чекор за унапредување на Трезорот ви најавуваме **воведување на Е-ТРЕЗОР (e-banking) во март-април 2012 година!** ФЗОМ ќе биде прва јавна институција во државава која ќе воведе електронско банкарство. Ќе се овозможи доставување на налозите по електронски пат наместо до трезорските канцеларии што ќе значи заштеда на време, на материјални и финансиски ресурси за ЈЗУ за доплнителни околу 1.000.000 денари, а за ФЗОМ заштеда и реалоцирање на материјални и човечки ресурси на други процеси.

ФЗОМ